Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК

од Сто и осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 август 2023 година

Скопје, август 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 август 2023 година**

Седницата започна во 12:15 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, како и Дрита Абдиу-Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање.

*
*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на Записникот од 174-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 јули 2023 година

• Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

-Информација за Планот за раст за земјите од Западен Балкан, претставен од страна на Европската комисија, со прилози

-Информација за подготовка на Деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, кој ќе се одржи на 21 септември 2023 година, преку видео-конференциска врска, со прилози

-Информација за статусот на подготовка на патоказите за владеење на правото, функционирање на демократските институции и реформа на јавната администрација, со прилози

-Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 17-Економска и монетарна политика од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилог

-Информација за одржан билатерален скрининг за Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, Поглавје-20 Претпријатија и индустриска политика, со прилози

1. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за транспорт и врски-Капетанија на пристаништата-Охрид

2. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.1501, КО Богородица, на КП бр.3180, КП бр.3182, КП бр.3181, КП бр.3192, КП бр.3189, КП бр.3178, КП бр.3196 и КП бр.3205), со Предлог-одлука

3. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за формирање на Меѓуинституционална работна група за подготвување на национална проценка на закани од тероризам и Предлог-решение за назначување координатор и членови на Меѓуинституционалната работна група за подготвување на национална проценка на закани од тероризам

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр 51/21)

6. Предлог на закон за изменување на Законот за хартии од вредност, по скратена постапка

7. Информација за финализирање на активностите од проектот „Светот на дланка-Бесплатни интернет-клубови“, со Акциски план

8. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот јануари-март 2023 година

9. Предлог-одлука за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Хеленската Република, со седиште во Солун

10. Предлог-одлука за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Комонвелт, Австралија, со седиште во Мелбурн

11. Предлог-одлука за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Анталија

12. Предлог-решение за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Анталија

13. Предлог-решение за изменување на Решението за назначување на членови и нивни заменици на Националниот совет за сајбер безбедност

14. Предлог-решение за именување претседател, национално контакт-лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје

15. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (9)

16. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

17. Предлог на закон за дополнување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

18. Предлог на закон за дополнување на Законот за матичната евиденција, поднесен од група на пратеници

19. Извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година

20. Иницијатива од Хелсиншки комитет за човекови права од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.96/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 1, 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23)

21. Иницијатива од политичката партија Левица од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.92/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/95, 38/02, 66/07, 98/08, 67/09, 13/13, 43/14, 148/15, 27/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 129/23)

22. Кадровски прашања

23. Прашања и предлози

24. Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2022 година

25. Извештај за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година (период јануари-јуни)

26. Информација за потребата за изработка на Проценки за степенот на закани и ризици за националната безбедност на државата

27. Информација за потребата од обезбедување на дополнителни средства во вид на заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка за затворање на финансиската структура на „Проектот за надградба и развој на патиштата“

28. Информација за потребата за измена на Сепаратниот договор кон Договорот за заем и Договорот за грант, склучен помеѓу КФВ банката и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за Програмата за наводнување на Северна Македонија, со Акциски план

29. Предлог-програма за дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2023 година

30. Информација за реализација на меѓународната изложба „105 години Требениште“ во Националниот археолошки институт со Музеј при БАН во Софија

31. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2023 година

32. Предлог-одлука за основање на Државен студентски дом „Тетово“ во Тетово

33. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на 22 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија

34. Информација за добивање согласност и оценување на оправданоста на Барањето за вработување на неопределено време во Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, за што е надлежна Владата на Република Северна Македонија, согласно член 20 став 3 и став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

35. Информација за потребата од нови вработувања во Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

36. Изменување на Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево

37. Информација за формирање на Работна група за разгледување на предлози за прашањето за најниската пензија во Република Северна Македонија, како и пакет мерки за помош и поддршка на пензионерите, со Предлог-решение

38. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на општините Делчево, Крива Паланка и дел од Општина Ранковце, с. Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, за период од 8 август 2023 година до 14 август 2023 година

39. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 4 август 2023 година до 10 август 2023 година

40. Информација за потребата од спроведување на итни мерки и преземање на активности за спречување на ширењето на конго-кримска хеморагична треска и проценка на ризик од понатамошно ширење на болеста помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и здравствените установи во рамки на концептот „Едно здравје“

41. Информација за воспоставување на соработка помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација и АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, заради реализација на проектот „Една точка на услуги“

*
*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 јули 2023 година.

*
*   *

Пред преминување на Дневен ред:

**Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**-Информација за Планот за раст за земјите од Западен Балкан, претставен од страна на Европската комисија, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за Планот за раст за земјите од Западен Балкан, претставен од страна на Европската комисија, со прилози и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за храна и ветеринарство, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, доколку имаат

забелешки во однос на предложените мерки во Прилог 1 и Прилог 2 од оваа информација, да ги достават до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 24.8.2023 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените предлози да ги достави до Европската комисија, најдоцна до 25.8.2023 година.

**-Информација за подготовка на Деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, кој ќе се одржи на 21 септември 2023 година, преку видеоконференциска врска, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, кој ќе се одржи на 21 септември 2023 година, преку видео-конференциска врска, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, на англиски јазик, веднаш да ги достави до Европската комисија.

2. Се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, да номинира учесник на Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 29 август 2023 година.

**-Информација за статусот на подготовка на патоказите за владеење на правото, функционирање на демократските институции и реформа на јавната администрација, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на подготовка на патоказите за владеење на правото, функционирање на демократските институции и реформа на јавната администрација, со прилози, како материјал за информирање.

**-Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 17-Економска и монетарна политика од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилог**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 17-Економска и монетарна политика од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилог, ја усвои и го задолжи Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да го достави законодавството во оваа област до Европската комисија, најдоцна до 5 септември 2023 година, додека новиот Закон за буџетите и Фискалната стратегија на Република Северна Македонија да ги достави дополнително, кога ќе бидат преведени на англиски јазик.

**Информација за одржан билатерален скрининг за Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, Поглавје-20 Претпријатија и индустриска политика, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, Поглавје-20 Претпријатија и индустриска политика, со прилози, ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата и прилозите до Европската комисија, најдоцна до 5 септември 2023 година.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за транспорт и врски-Капетанија на пристаништата-Охрид.

<u>**Точка 2**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.1501, КО Богородица, на КП бр.3180, КП бр.3182, КП бр.3181, КП бр.3192, КП бр.3189, КП бр.3178, КП бр.3196 и КП бр.3205), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

<u>**Точка 3**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

<u>**Точка 4**</u>

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Меѓуинституционална работна група за подготвување на национална проценка на закани од тероризам.

2. Го донесе Решението за назначување координатор и членови на Меѓуинституционалната работна група за подготвување на национална проценка на закани од тероризам.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр 51/21).

**Точка 6**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за хартии од вредност, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за финализирање на активностите од проектот „Светот на дланка-Бесплатни интернет-клубови", со Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план за завршување со имплементација на активностите од проектот „Светот на дланка-Бесплатни интернет-клубови".

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот јануари-март 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација, а се укажува на Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за катастар на

недвижности, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија и ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионални патишта во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на јануари, февруари и март 2023 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставуваат суштински одговори до Народниот правобранител, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

**<u>Точка 9</u>**

Владата ја донесе Одлуката за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Хеленската Република, со седиште во Солун.

**<u>Точка 10</u>**

Владата ја донесе Одлуката за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Комонвелт, Австралија, со седиште во Мелбурн.

**<u>Точка 11</u>**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Анталија.

**<u>Точка 12</u>**

Владата го донесе Решението за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Анталија.

**<u>Точка 13</u>**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за назначување на членови и нивни заменици на Националниот совет за сајбер безбедност.

**<u>Точка 14</u>**

Владата го донесе Решението за именување претседател, национално контакт-лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје.

## Точка 15

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Емин Дураку“, с.Буковиќ).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Ибе Паликуќа“, с.Бојане).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Перпарими“, с.Крушопек).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Сами Фрашери“, с.Глумово).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Бедри Таири“, с.Долно Свиларе).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Дрита“, с.Рашче).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Фаик Коница“, с.Радуша).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Бајрам Шабани“, с.Кондово).

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Дитуриа“, Сарај).

## Точка 16

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следното мислење:

Одредбата од членот 1 од Предлогот на закон со која во членот 35 став (1) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), бројот „6.170“ се заменува со бројот „10.983“, во став (2) со кој бројот „9.254“ се заменува со бројот „16.474“ и во став (3) со кој бројот „7.711“ се заменува со бројот „13.729“ е неприфатлива и паушално утврдена.

Предлогот на закон е фокусиран само на финансиската поддршка, без да се земат предвид останатите потреби на децата и лицата со попреченост.

Со членот 35 од Законот за заштита на децата се уредува висината на правото на посебен додаток кој изнесува 6.170 денари. Притоа, за самохран родител кој има дете со попреченост износот на посебниот додаток се зголемува за 50% и изнесува 9.254 денари, а за материјално необезбедени родители, кои се корисници на гарантирана минимална помош и кои имаат дете со попреченост, износот на посебниот додаток се зголемува за 25 % и изнесува 7.711 денари. Во ставот (4) е наведено дека утврдените износи се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Согласно порастот на трошоците на живот и соопштението број 4.1.23.02 од 9.1.2023 година на Државниот завод за статистика за 2023 година, висината на посебниот додаток е зголемена за 14,2%, односно висината на посебниот додаток изнесува 7.046 денари, за самохран родител изнесува 10.568 денари, а висината на посебниот додаток за материјално необезбедени родители, кои се корисници на гарантирана минимална помош изнесува 8.806 денари.

Истовремено, се укажува дека во изминатиот период се изврши зголемување на висината на правото на посебен додаток за 15% за сите три категории на корисници на правото утврдени во Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.198/18). Во 2022 година е направено ново зголемување на посебниот додаток за 15% за сите три подвидови на корисници кои се утврдени во Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22 година).

Дополнително, извршена е темелна анализа за вкупниот број на корисници на правото на посебен додаток и истиот изнесува 6372, од кои бројот на самохрани родители изнесува 661, а 733 се материјално необезбедени родители, корисници на гарантирана минимална помош.

Со предложената измена на одредбата на членот 1 од Предлогот на закон, со која се предлага 78 % зголемување на висината на посебниот додаток, би се предизвикале големи финансиски импликации од Буџетот на Република Северна Македонија, а имајќи ја предвид глобалната економска криза од која е погодена и нашата држава, истата е неспроведлива.

Оттука, врз основа на претходно наведените причини се смета дека предметниот Закон е неприфатлив и паушално предложен, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати предложеното законско решение, имајќи ги предвид наведените пакет мерки и извршената темелна анализа за потребите на децата/лицата со

попреченост, со кој ќе се пристапи кон изменување на Законот за заштита на децата и Законот за социјалната заштита со цел унапредување на нивните права и услуги, а со тоа и на животниот стандард на истите.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и даде позитивно мислење по истиот.

**Точка 18**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за дополнување на Законот за матичната евиденција, поднесен од група на пратеници, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за правда да достави ново концизно мислење по материјалот.

**Точка 19**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Предметниот материјал е во функција на членот 8 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), согласно кои Агенцијата за својата работа дава отчет пред Собранието со доставување извештај за својата работа.

Врз основа на содржината на доставениот материјал, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема активности во функција на остварување на целите и обврските кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Изборниот законик.

Имено, како една од позначајните активности на Агенцијата минатата година се наведува спроведувањето на над 300 надзори над работењето на радиодифузерите во врска со исполнувањето на нивните програмски, административни и други обврски кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, подзаконските акти донесени врз основа на овие два закона, како и обврските утврдени со дозволата за телевизиско или радиоемитување.

Во Извештајот за работа за 2022 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја нотира и изработката на „Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година" потоа „Структурата на

вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2021 година“ како и „Сопственоста на медиумите во 2022 година“.

Агенцијата во извештајната година презела и повеќе активности поврзани со поттикнувањето на медиумската писменост и родовите прашања.

Согласно Билансот на приходи и расходи за 2022 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има реализирано приходи во вкупен износ од 237.535.373 денари, што споредено со реализираниот износ претходната година претставува зголемување од 0,3%. Во вкупниот износ на реализирани приходи, позначајни износи претставуваат приходите од Буџетот на Република Северна Македонија за финансирање на радиодифузна дејност и приходите од наплатена радиодифузна такса (54.438.530 денари), како и приходите од надоместок за дозволи за телевизиско и радио емитување (17.931.404 денари). Исто така, Агенцијата евидентира и пренесен дел од вишок на приходи од претходната година во износ од 153.514.575 денари.

Во расходниот дел, Агенцијата за 2022 година има прикажано износ од 94.601.988 денари, што претставува зголемување од 14,12% во однос на реализираните расходи во 2021 година.

Во прилог на актите за финансиското работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е доставен и Извештај на независниот ревизор во кој се констатирани забелешки за начинот на евидентирање на побарувања, за кои постои неизвесност за наплата, како и за начинот на користење на земјиште, кое не е во сопственост на Агенцијата. По однос на ова, потребно е надлежните органи да го информираат основачот за преземените активности во делот на наодите на ревизорот.

Со Финансискиот план за 2023 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има планирано приходи и расходи во износ од 149.530.505 денари.

Во структурата на приходи, позначајни ставки се приходите од Буџетот на Република Северна Македонија (54.000.000 денари), приходи од надоместоци за дозволи за вршење на радио и ТВ емитување (26.000.000 денари) и средства по основ на пренесен вишок од претходната година (54.530.505 денари).

Во врска со планот на непродуктивни расходи за 2023 година (расходи за реклама, пропаганда и репрезентација, дневници за службени патувања и патни трошоци, договорни услуги, набавка на опрема, надоместоци за вработени и сл), потребно е да се преоцени зголемувањето на износот кај овие расходи. Исто така, потребно е во материјалот да биде дадено образложение за причините за зголемувањето на износот за плати за вработените за 2023 година, споредено со претходната година.

Согласно последниот Извештај на Европската комисија за развојот на земјата, треба „да се зајакнат капацитетите на медиумскиот регулатор, додека финансиската стабилност и независност треба да бидат дополнително засилени по усогласувањето на националното законодавство со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на ЕУ. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги продолжи да биде проактивна во унапредувањето на медиумската писменост, родовата еднаквост во медиумските програми, како и во осудувањето на притисокот и заканите врз новинарите и медиумите. Сè уште не е назначен советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе се обезбеди поголема финансиска стабилност и одржливост на медиумскиот регулатор, како и можност за дополнителни финансиски средства од Буџетот предвидени за капитални инвестиции, согласно усвоената Студија.

## Точка 20

Владата ја разгледа Иницијативата од Хелсиншки комитет за човекови права од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.96/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 1, 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата смета дека со оспорените законски решенија се прави повреда на Уставот на Република Северна Македонија од повеќе аспекти, дека се издигнуваат акти на извршната власт на ниво на закон, а преку користењето на поимот „национален стратешки интерес“, без притоа да се дефинира рамката на истиот, се воведуваат експлоататорски решенија во областа на работните односи, при што се повредуваат членот 8 став (1) алинеи 1, 3, 8 и 11, членот 9, членот 32, членот 50 став (1), членот 51 и членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 став (1) алинеи 1, 3, 8 и 11, меѓу другите, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Членот 9 од Уставот предвидува дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Согласно член 32 од Уставот, меѓу другите права поврзани со работата, секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права

вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективен договор.

Член 50 став (1) предвидува дека секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија, во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Со членот 51 се дефинира дека во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Членот 55 ја гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, при што Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), во членот 110 го уредува местото и начинот на исплатата на платата на работникот.

Притоа, со оспорениот член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, во истиот член, по ставот (3), се додава нов став (4) кој дефинира дека министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика го пропишува начинот и местото на исплата на платата на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон.

Во членот 117 од истиот закон, се уредува прекувремената работа, односно случаите кога работникот е должен, на барање на работодавачот да врши прекувремена работа (став (1) ), а ставот (2) предвидува дека прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени. Притоа, прекувремената работа во период од три месеци не може во просек да надминува повеќе од осум часа неделно.

Ставот (3) од истиот член предвидува исклучок за работниците од Министерството за внатрешни работи и работниците од Агенцијата за национална безбедност, кои вршат посебни должности и овластувања согласно со посебни закони и кај нив прекувремената работа може да трае подолго од 190 часа годишно, поради

извршување на итни и неодложни работи, по претходно дадена писмена согласност на работникот.

Со ставот (7) пак, регулирано е дека ако работодавачот воведува прекувремена работа подолго од онаа утврдена со ставот (2), односно подолго од 190 часа, должен е да изврши прераспоредување на работното време или воведување на нови смени.

Со членот 2 од оспорениот Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, Законот се дополнува со нов член 117-а, кој утврдува дека по исклучок од членот 117 ставови (1), (2) и (7), за работа на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, а заради потребата од континуитет во работата, прекувремената работа може да трае подолго од осум часа неделно и 190 часа годишно, по претходна дадена писмена согласност од страна на работникот. Притоа, работата над 40 часа неделно се смета и се плаќа како прекувремена работа, со задолжително почитување на одредбите за дневен и неделен одмор, во согласност со членовите 133 и 134 од овој закон.

Со оспорениот член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, се дополнува членот 134, во ставот (3), во кој се наведуваат исклучоците од правилото дека недела е ден на неделен одмор, односно дејностите и работите кај кои работниот процес е од таква природа што не може да се прекине поради техничко-технолошкиот процес и потребата од континуитет во работата и каде ден на неделен одмор може да биде друг ден во неделата. Имено, веќе постоечките 43 исклучоци се дополнети со уште еден исклучок за работа во недела, а тоа е кај работи на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон.

Оспорениот член 1 не е спротивен на членот 32 од Уставот, кој вели дека правата на вработените се остваруваат со закон и колективен договор и во овој случај не постои загрозување на правата од работен однос, затоа што членот 1 не се однесува на правото на работникот на плата. Оттука, ова право во ниту еден момент не е компромитирано со одредбата, затоа што истата интервенира само во делот на начинот и местото на исплата на платата на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон. Притоа, имајќи предвид дека изведувањето на ваквите проекти има свои специфики, нужно е и поинакво уредување на начинот и местото на исплатата и затоа истото го пропишува министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика, како ресорно надлежен министер.

Членовите 2 и 3, со кои се прават исклучоци за часовите за прекувремена работа и работата во недела, одат во иста линија, како и воведувањето на исклучоци со членот 117 став (3) од Законот за работните односи и оние наведени во член 134 став (3) од Законот. И тука, повторно поради посебните карактеристики на работите од стратешко национално значење, кои во најголем број се во областа на градежништвото и потребата од нивно навремено завршување, се овозможува, само кај работата на проекти од стратешко национално значење утврдена со закон

да се применуваат отстапки. Првично, за работата на проекти да биде од стратешко и национално значење, тоа ќе треба да биде утврдено со закон, што значи дека овие одредби нема да значат, како што вели подносителот, нивна примена врз цела категорија на градежни работници по дефиниција. Понатаму, градежништвото како сектор и самиот има посебности, бидејќи изведувањето на работите во истиот е најчесто условен од временските прилики и е сектор каде што најмногу се користи институтот прераспределени работни часови. Следствено, овие работници, дури и со прекувремените часови работа, нема да можат да ги користат во број којшто го наведува подносителот, затоа што законодавецот предвидел ограничувања со задолжителната примена на одредбите за дневен и неделен одмор, во согласност со членовите 133 и 134 од Законот.

Дополнително, како задолжителен елемент е и согласноста на работникот, без која ниту еден работник не може да биде распореден да работи прекувремена работа, подолго од законски утврдената во член 117 став (2).

Имајќи го предвид наведеното, се смета дека оспорените членови се во согласност со член 8 став (1) алинеи 1 и 3, член 9 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за оценување на уставност и законитост на членовите 1, 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 111/23).

## Точка 21

Владата ја разгледа Иницијативата од политичката партија Левица од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.92/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/95, 38/02, 66/07, 98/08, 67/09, 13/13, 43/14, 148/15, 27/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 129/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за матичната евиденција согласно член 24 ставот (1), член 108, член 110 ставот (1) точка 2 и член 112 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија.

Според подносителот на Иницијативата, оспорените делови од член 4 став (1) точка 2, член 11 став (1) точка 1 и член 13 став (1) точка 1 од Законот за матична евиденција се спротивни на одредбите од член 8 став (1) алинеите 1, 2, 3, 4 и 11, член 18 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија од причина што оспорените одредби би можеле да сторат тешко отстранливи и штетни последици по уставно загарантираните права на граѓаните на Република Северна Македонија на слободното изразување на националната припадност, заштита на сигурноста и

тајноста на личните податоци, како и зачувување на општествената кохезија на македонското општество. Поради таа причина, подносителот бара од Уставниот суд до донесување на конечна одлука по предметот односно да донесе привремено решение за запирање на извршувањето на акти или дејствија преземени врз основа на оспорениот закон.

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Основните човекови правата и слободи се основни критериуми што ја отсликуваат улогата на човекот и граѓанинот во едно општество. Истовремено, тие се најасниот показател и за карактерот на власта, односно колку понапредни човекови права имаме толку повеќе се стеснува можноста за нивна злоупотреба од страна на властите. Човековите права во Република Северна Македонија им припаѓаат на сите без разлика на пол, раса, боја на кожа, јазик, вероисповед, политичко или друго мислење, национално и општествено потекло, имотна состојба, место на раѓање.

Националноста во матичните книги беше пропишана со Законот за матичните книги што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 март 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 март 1973 година.

Во членот 4 од Законот за матичните книги е пропишано: „Во матичната книга на родените се запишуваат: 1. податоци за раѓањето и тоа: име и презиме и пол на детето, ден, месец, година, час и место на раѓањето на детето и државјанство, 2. податоци за родителите на детето, и тоа: име и презиме (за мајката и моминското презиме), ден, месец и година на раѓањето, национална припадност, народност, односно етничка група, државјанство, живеалиште и адреса на станот и 3. признавање на татковство и утврдување на татковството и мајчинството, позаконување, посвојување и престанок на посвојувањето, старателство и престанок на старателството, склучување, престанување и поништување на бракот и огласување на бракот за непостоечки, промена на името и презимето на детето и промена на името и презимето на родителот, односно посвоителот, промена на државјанството, смрт и прогласување за умрен“.

Истото решение е преточено и во Законот за матичната евиденција што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 1995 година.

Имено, согласно членот 4 од Законот за матичната евиденција „Во матичната книга на родените се запишуваат: 1) податоци за раѓањето на детето, и тоа: име и презиме; пол на детето; час, ден, месец, година и место на раѓањето на детето; државјанството и матичен број; 2) податоци за родителите на детето, и тоа: име и презиме (за мајката и моминското презиме); ден, месец, година и место на раѓањето; националност; државјанство; живеалиште и адреса на станот; 3) признавање на татковство, утврдување на татковство или мајчинство; позаконување; посвојување и престанок

на посвојувањето; старателство и престанок на старателството; склучување, престанување или поништување на бракот; промена на личното име на родителот, односно посвоителот; промена на државјанството на детето; смрт или прогласување на исчезнатото лице за умрено“.

Во членот 11 кој се однесува на матичната книга на венчани и членот 13 кој се однесува на матичната книга на умрени е предвидена националноста како податок што се впишува во посочените матичните книги.

Поаѓајќи од мултикултурниот карактер на нашето општество, националноста ја дефинира припадноста на една личност кон одредена нација. Нацијата има историски супстрат што се карактеризира преку семејството, фамилијата и традиционалните обичаи и поврзувања. За разлика од државјанството кое едно лице може да го стекне со исполнување на одредени законски критериуми, националноста има етнички концепт и не може да се поништи за разлика од државјанството кое може да се менува во текот на целиот живот. Одредено лице не може да биде истовремено национален припадник на повеќе нации, додека пак, лицето може истовремено да има повеќе државјанства.

Во согласност со горенаведеното, а со цел да се поддржи демократскиот развој, нужно е континуирано јакнење на политичкиот систем и воспоставената уставна рамка за нормативно гарантираниот мултикултурализам низ постоечките институти за гарантираното претставување предвидени со Уставот, а сето тоа во духот на Охридскиот рамковен договор. Република Северна Македонија во својата уставно правна традиција им ја гарантира слободата на изразување, негување и развивање на идентитетот и особеностите на своите заедници. Унапредувањето и зголемувањето на опсегот на човековите права и слободи на граѓаните во Република Северна Македонија беше опфатено и со амандманите на Уставот, при што со амандманот VIII се зајакнаа правата на етничките заедници каде се вели „Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница. Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на сите заедници“.

Националноста е исто така клучен фактор за стекнување на загарантираните права во нашата држава гледајќи низ призмата на Уставот на Република Северна Македонија конкретно Преамбулата на Уставот каде е опфатено дека „Граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите, преземајќи ја одговорноста за сегашноста и иднината на нивната татковина, свесни и благодарни на своите предци за жртвите и посветеноста во нивните заложби и борба за создавање самостојна и суверена држава Македонија и одговорни пред идните генерации за зачувување и развој на сѐ што е вредно од богатото културно наследство и соживот во Македонија, еднакви во своите права и обврски кон заедничкото добро-Република Македонија-во согласност со

традицијата на Крушевската Република и правните одлуки кои се наведени во Прогласот од Првото заседание на а АСНОМ до македонскиот народ за одржаното заседание на АСНОМ и на референдумот од 8 септември 1991 година на кои се изрази волјата за создавање на самостојна суверена држава и Охридскиот рамковен договор, ја конституираат Република Северна Македонија како самостојна, суверена држава, со намера да се воспостави и зацврсти владеењето на правото, да се гарантираат човековите права и граѓанските слободи, да се обезбеди мир и соживот, социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот.“

Оттука, темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а сето тоа во контекст на слободното изразување на националната припадност во корелација со соодветната и правичната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа.

Графата за националност во изводот спречува можна злоупотреба на механизмот балансер при идни вработувања и начелата на правична застапеност. Сето ова има влијание и во изборот на членови на највисоките тела и институции во нашата држава, како и распределбата на места во Комитетот за односи меѓу заедниците.

Доколку се земат предвид и толкувањата на познатите автори во речниците за македонскиот јазик, како што е речникот од Зозе Мургоски од 2005 година „Националноста е 1. припаѓање на определена нација, национална припадност. 2. Нација“. Понатаму, Толковниот речник на македонски јазик од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ ја толкува националноста како припадност кон одредена нација.

Определувањето на националност во матичните книги и изводите од страна на граѓаните се врши врз основа на слободно изразена волја без притоа да се прави притисок и било какво влијание на нивното барање. Сето ова е во корелација со членот 6 точка 2 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства што државата ја ратификувала во 1997 година со цел да се спречи асимилација на припадниците на националните малцинства против нивната волја каде државата има обврска да ги штити тие припадници од секаква акција чија цел е таквата асимилација Забраната за самоопределување е спречување на лицето слободно да се изрази и да остварува права кои притоа му се загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и членот 15 од Конвенцијата каде државата се обврзала да создаде услови за ефикасно учество на припадниците на националните малцинства во културниот, општествениот и економскиот живот, како и во јавните работи, посебно во оние што ги засегаат, како и членот 16 каде е предвидено дека државата се обврзала да спречи можно ограничување на правата и слободите наведени во Рамковната конвенција.

Доколку се земе предвид и членот 11 став (1) од Рамковната конвенцијата, државата се обврзала да му го признае на секој припадник на националното малцинство правото на нивно официјално признавање, според модалитетите предвидени во нивниот правен систем.

Изводот на родени, венчани и умрени е документ кој што служи за лична употреба заради остварување на одредени права и обврски и оттаму, Законот за заштита на личните податоци има предвидено одредби каде се прецизира начинот на користење и обработка на податоците од сензитивен карактер како националноста на лицето чиишто податоци се обработуваат.

Подносителот на Иницијативата не е во право кога укажува дека оспорениот закон не е во согласност со Уставот бидејќи истиот е донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија, а врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот истиот е прогласен и со указ потпишан од страна на Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија" бр.8/95, 28/02, 66/07, 98/08, 67/09, 13/13, 43/14, 148/15, 27/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/20 и 129/23).

**Точка 22**

Владата заклучи:

**1.** Владата ѝ утврди престанок на мандатот на Соња Петрушева, член на Надзорниот одбор на Развојна банка на Северна Македонија.

1.1 Владата на предлог на Министерството за финансии ја именува Маја Ангеловска за член на надзорниот одбор на Развојна банка на Северна Македонија.

**2.** Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница-Гостивар, ги разреши:

-Газменд Рамадани
-Адис Алигега, поради истек на мандат

2.1 Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница-Гостивар, ги именува:

-Фиторе Алигега
-Ујкан Идризи

**3.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, да го отповика Шенур Османи од должноста член на Одборот на директори и воедно директор за економски и финансиски работи, а на негово место да го именува Бујамин Емини.

**4.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, да го разреши Зоран Исајловски од должноста вршител на должност директор на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, а за вршител на должноста директор да го именува Борис Богдановски.

**5.** Владата на предлог на м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, заклучи да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и веб-страницата на Јавното претпријатие за државни патишта Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 4 (четири) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

<u>Точка 23</u>

**1.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник 8 Септември-Ден на независноста-„32 години независност“, ги донесе следниве заклучоци:

1) Организациskiот одбор за прослава на државниот празник 8 Септември-Ден на независноста е во следниот состав:

-Мартин Попов, шеф на Кабинетот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;

-м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија;

-м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија;

-Ана Андреева, секретар за комуникации, односи со јавност и протокол и Соња Трпчевска Јанковска, соработник за комуникации и односи со јавност, координација на министерства и владини институции, претставници на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжени за организација на настани.

(Организациskiот одбор може да се дополнува со членови според потребите кои ќе ги утврди.)

2) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да состави делегација и да утврди саатница за положување свежо цвеќе на гробиштата на поранешните претседатели Киро Глигоров и Борис Трајковски.

3) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Одделението за протокол при Владата на Република Северна Македонија да подготви покани за положувањето на цвеќе, листа на гости и организациски подготовки за протоколарните делови, вклучувајќи и обезбедување на соодветна опрема за положување на цвеќе.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на 8 Септември-Ден на независноста, врз основа на сценарио, подготвено од Организацискиот одбор.

5) Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за култура и Агенција за млади и спорт, соодветно и договорно да обезбедат непречена организација на предвидените активности, согласно сценариото за одбележување на 8 Септември-Ден на независноста.

6) Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за култура и Агенција за млади и спорт, да ги покријат трошоците за дневниот дел од активностите, секоја институција во својот дел, поврзани со одбележувањето на 8 Септември-Ден на независноста.

7) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди гардисти и опрема за свечено положување свежо цвеќе на Градските гробишта Бутел (пред вечните почивалишта на поранешните претседатели Киро Глигоров и Борис Трајковски).

8) Се задолжува Јавното претпријатие Национална радио-телевизија, на 7.9.2023 година и 8.9.2023 година да врши директен пренос од одбележувањето на 8 Септември-Ден на независноста, според деталното сценарио со саатници кое ќе го добијат од Организацискиот одбор.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави материјали, техничка опрема, столчиња, вода, говорница, знамиња и слично за одбележувањето на 8 Септември-Ден на независноста, за што ќе добијат технички спецификации од Организацискиот одбор.

10) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман и венци за свеченото положување на цвеќе на 8 Септември-Ден на независноста, како и да обезбеди

цветно уредување на бината, врз основа на спецификација од Организацискиот одбор.

11) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за Делегацијата и венци за положување цвеќе на Сојузот на борците на Република Северна Македонија.

12) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на 8 Септември-Ден на независноста.

13) Се укажува на ЕВН Македонија да обезбеди приклучок за струја на локациите за кои ќе добијат техничка спецификација од страна на Организацискиот одбор.

14) Се укажува на Акционерското друштво за погребни и придружни активности-Бутел, преку Министерството за транспорт и врски да ги исчисти гробните места на поранешните претседатели Борис Трајковски и Киро Глигоров, каде свечено ќе се положува цвеќе.

15) Се задолжува Министерството за здравство на 7.9.2023 година и 8.9.2023 година да има обезбедено едно амбулантно возило според сценарио од Организацискиот одбор.

16) Се укажува на Град Скопје на 7.9.2023 година и на 8.9.2023 година да има обезбедено противпожарни возила за настаните поврзани со одбележувањето на државниот празник 8 Септември-Ден на независноста, добиени од страна на Организацискиот одбор.

17) Се укажува на Град Скопје на 8.9.2023 година да ги има обезбедено и уредено локациите за настаните поврзани со одбележувањето на државниот празник 8 Септември-Ден на независноста, добиени од страна на Организацискиот одбор.

18) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Одделението за протокол на Владата на Република Северна Македонија да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска и печатена форма. Поканите да бидат испратени не подоцна од две недели пред настанот, а Одделението за протокол да ги прифати потврдите и врз основа на истите да изработи протоколарна листа за 8 Септември-Ден на независноста.

19) Се задолжува Министерството за култура ја обезбеди Филхармонија на Република Северна Македонија да ги преземе сите потребни активности за обезбедување на персонал за организирање на свечената академија „32 години независност" на 7.9.2023 година врз основа на сценарио од Организациски одбор. Трошоците околу вработените и логистичките материјали за организацијата ги покрива Филхармонија на Република Северна Македонија.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со Процесот Брдо-Бриони, Состанок на лидерите од 10 до 11 септември 2023 година, Скопје, Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за хотелското сместување, изнајмување на сали, цветни аранжмани, официјален ручек и вечера, голема маса за главниот состанок на самитот и четири говорници за прес-конференција, за кои ќе добијат технички спецификации од страна на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за едно ВИП патничко моторно возило, едно Р1 возило за протокол и еден миниван со осум седишта за секоја делегација, за кои ќе добијат технички спецификации од страна на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

3) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за знамиња, за кои ќе добијат технички спецификации од страна на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за репрезентативни подароци за секоја делегација, за кои ќе добијат технички спецификации од страна на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

5) Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди соодветен број на медицински возила и дежурни медицински тимови.

6) Се препорачува на Град Скопје да обезбеди противпожарни служби и чистење на улици.

7) Се задолжува Министерството за надворешни работи да се вклучи во подготовките и реализацијата на Самитот во координација со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

8) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да се вклучи во подготовките и реализацијата на Самитот во координација со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

9) Се задолжува Работната група за организација на настанот со претставници од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна

Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, да реализира координативни состаноци за подготовка на Самитот.

**3.** Владата го одложи разгледувањето на Информацијата од Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО, согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Сто седумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 август 2023 година, Точка 6: Прашања и предлози, за наредната седница на Владата.

**4.** Владата ја овласти д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, да достави писмо до Град Скопје за поддршка за кандидатурата на Градот Скопје за Европска престолнина на културата-Скопје 2028.

## Точка 24

Владата го разгледа Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 25

Владата го разгледа Извештајот за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година (период јануари-јуни), како материјал за информирање.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за изработка на Проценки за степенот на закани и ризици за националната безбедност на државата и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжува Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, да изработи план на активности за координација со Агенцијата за разузнавање, Агенцијата за национална безбедност и надлежната организациона единица за воена безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана, до 29 септември 2023 година.

2. Се задолжува Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, да изработи методологија за изработка на проценки за степенот на закани и ризици за националната безбедност на државата, до 29 септември 2023 година.

3. Се задолжуваат Агенција за разузнавање, Агенција за национална безбедност и Министерство за одбрана до 13 септември 2023 година, да номинираат по двајца претставници од аналитичките организациски единици, кои работат на изготвување на аналитичките документи во тие служби (аналитичари) до Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница.

4. Се задолжува Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, врз основа на веќе изработените проценки за степенот на закани и ризици за националната безбедност на државата да подготви и до Владата да достави, за информирање, сублимирана и достапна за јавност проценка за степенот на закани и ризици за националната безбедност на државата, најдоцна до 30 ноември 2023 година.

**<u>Точка 27</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на дополнителни средства во вид на заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка за затворање на финансиската структура на „Проектот за надградба и развој на патиштата“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта во соработка со Министерството за финансии, веднаш да испратат барање до Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка за обезбедување на дополнителен заем за „Проектот за надградба и развој на патиштата“, во износ од 31 милиони евра за затворање на финансиската структура на Проектот.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта веднаш да постапи согласно одредбите на Законот за јавен долг и да ја започне постапката за добивање на согласност за задолжување со државна гаранција, согласно новата финансиска структура на Проектот.

**<u>Точка 28</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за измена на Сепаратниот договор кон Договорот за заем и Договорот за грант, склучен помеѓу КФВ банката и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за Програмата за наводнување на Северна Македонија, со Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати ревидираниот Акциски план за имплементација на Програмата за наводнување на Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 15 дена да подготви и достави допис до КФВ банката со кој ќе извести за

потребата од имплементација на Програмата за наводнување на Северна Македонија, согласно ревидираниот Акциски план за имплементација на Програмата за наводнување на Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со КФВ банката, во рок од 15 дена, да го измени Сепаратниот договор кон Договорот за заем и Договорот за грант, склучен помеѓу КФВ банката и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за Програмата за наводнување на Северна Македонија, со цел алоцирање на потребните средства за финансирање на консултантските услуги за имплементација на Програмата за наводнување на Северна Македонија.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена да достави барање до Министерството за финансии за потребите за измените на буџетот на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство (Програма 6Д), согласно одредбите на Сепаратниот договор кон Договорот за заем и Договорот за грант, склучен помеѓу КФВ банката и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за Програмата за наводнување на Северна Македонија.

5. Се укажува на Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, Скопје во рок од 15 дена да достави до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство информација за расположливите деловни простории во Демир Капија и Велес, кои може да бидат дадени на користење на Единицата за имплементација на Програмата за наводнување на Северна Македонија.

**Точка 29**

Владата ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2023 година.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на меѓународната изложба „105 години Требениште“ во Националниот археолошки институт со Музеј при БАН во Софија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија и на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид, во рок од пет дена да склучат анекс на Договорот со цел продолжување на рокот на привременото отстапување на музејските предмети-требенишките погребни златни маски и другите предмети од оваа збирка кои се евидентирани во евиденциите на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид за нивно изложување во

Националниот археолошки институт со Музеј при БАН во Софија, во периодот од 6.10.2023 година до 30.3.2024 година.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди полициска придружба при транспортот на археолошките предмети од просториите на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид до граничниот премин со Република Бугарија „Деве Баир“ и од граничниот премин со Република Бугарија „Деве Баир“ до НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид, кое е планирано да се реализира во периодот од 6.10.2023 година до 30.3.2024 година.

## Точка 31

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2023 година.

## Точка 32

Владата ја донесе Одлуката за основање на Државен студентски дом „Тетово“ во Тетово.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на 22 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Условно даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 и 2024 година на Министерството за здравство за набавка на 22 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија во вкупна вредност од 144.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 24.000.000,00 денари во 2023 година и
- 120.000.000,00 денари во 2024 година

доколку Министерството за здравство во соработка со Министерството за финансии ги обезбеди потребните средства при подготовката на Предлогот на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, за 2023 година и Министерството за финансии достави позитивно мислење.

3. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, сѐ до конечна реализација на набавката.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност и оценување на оправданоста на Барањето за вработување на неопределено време во Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, за што е надлежна Владата на Република Северна Македонија, согласно член 20 став 3 и став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, условно ја усвои и одобри вработување на неопределено време на 699 (шестотини деведесет и девет) работници, поради вршење на основната дејност во Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење по материјалот.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од нови вработувања во Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и ги донесе следните заклучоци (усогласени со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство) и тоа:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од нови вработувања во Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

2. Се задолжува Министерството за финансии позитивно да одговори на Барањето бр. 03-2312/1 од 10 април 2023 година, за добивање согласност за вработување на 18 лица на неопределено време во 2023 година, поднесено од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, односно да даде согласност за вработување на неопределено време на 18 лица во 2023 година, за работните места кои се неопходни за вршење на основната дејност на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, а за кои има обезбедено средства во Финансискиот план на Друштвото за 2023 година, бр. 02-9558/2-1 од 26 декември 2022 година.

## Точка 36

Владата го разгледа Изменувањето на Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, Владата дава одобрение на Министерството за труд и социјална политика и Општина Делчево за промена на динамика на плаќање по склучен Договор за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево со плаќање на времени-месечни ситуации во период од две години и тоа:

-2023 година-12.000.000,00 денари на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481,

-2024 година-48.285.567,90 денари на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481.

2.Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, да ја промени проценетата вредност и динамиката на плаќање и да пристапи кон склучување на договор со најповолниот понудувач за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево со плаќање на времени-месечни ситуации во период од две години со следнава динамика:

-2023 година-12.000.000,00 денари со ДДВ на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481,

-2024 година-48.285.567,90 денари со ДДВ на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Работна група за разгледување на предлози за прашањето за најниската пензија во Република Северна Македонија, како и пакет мерки за помош и поддршка на пензионерите, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Работна група за разгледување на предлози за прашањето за најниската пензија во Република Северна Македонија, како и пакет мерки за помош и поддршка на пензионерите, со заклучок текстот на материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 38

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на општините Делчево, Крива Паланка и дел од Општина Ранковце, с. Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, за период од 8 август 2023 година до 14 август 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 39

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 4 август 2023 година до 10 август 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спроведување на итни мерки и преземање на активности за спречување на ширењето на конго-кримската хеморагична треска и проценка на ризик од понатамошно ширење на болеста помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и здравствените установи во рамки на концептот „Едно здравје“, како материјал за информирање.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на соработка помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација и АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, заради реализација на проектот „Една точка на услуги“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 15 дена да подготви меморандум за соработка со А.Д Пошта на Северна Македонија-Скопје во кој ќе бидат дефинирани активностите за соработка.

2.Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 15 дена од склучувањето на меморандумот за соработка, вработените со статус администраторите кои работат во основните и средните училишта да ги распредели во административните канцеларии.

3.Се укажува на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје, во рок од 15 дена од склучувањето на меморандумот за соработка да пристапи на измена на Статутот со кој ќе биде предвидено подрачните канцеларии да можат да се користат и како адмнистративна канцеларија во која ќе се овозможи пристап до електронските услуги на повеќе надлежни органи.

Истовремено, Владата го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење да достави мислење по материјалот.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:05 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**